**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

Врз основа на член 124 став 1 алинеја 5 од Законот аудио и аудио визуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ.бр.184/13; 13/14, 44/14; 101/14; 132/14; 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24,193/24 и 247/25), и член 43 став 1 алинеја 5 од Статутот на ЈРП МРТ, а во врска со распишаниот Јавен конкурс за избор на Заменик на директорот на ЈРП МРТ бр.02-3261/3, објавен на ден 15.06.2026 година, Програмскиот совет на МРТ на својата 52 седница одржана на ден 13.07.2026 година, ја донесе следнава:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-3997/2
13-07-2026 20___год
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА
## за избор на Заменик на директорот на МРТ

I. За Заменик на директорот на ЈРП Македонска радио телевизија е избран Џуљиан Шабани од Куманово, дипломиран по јавен менаџмент и јавни политики.

II. Заменик на директорот на МРТ се избира за период од 3 (три) години со можност за повторен последователен избор.

III. Функцијата Заменик на директорот на МРТ Џуљиан Шабани ќе почне да ја извршува од 14.07.2026 година.

IV. Односите помеѓу Заменик на директорот на МРТ и ЈРП МРТ ќе се уредат со посебен Договор.

V. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа одлука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 15.06.2026 година се распиша Конкурс за избор на Заменик на директорот на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ. Во објавениот јавен конкурс беше наведено дека Заменик на директорот се избира за период од три години со можност за повторен последователен избор, и кои услови треба да ги исполнат кандидатите кои ќе аплицираат на јавниот конкурс.

Конкурсот траеше 15 работни денови и беше објавен на програмите на МРТ, на интернет - страницата на МРТ и во два дневни весника во Република Северна Македонија од кои еден на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

По завршување на јавниот конкурс и рокот од 15 работни денови, се одржа седница на Програмскиот совет на МРТ и беа разгледани пристигнатите пријави на кандидите кои аплицирале на јавниот конкурс.

Кандидатите на јавниот конкурс кон пријавата ги приложуваат соодветните докази за исполнување на условите во посебен коверт (Коверт 1), на кој е наведена шифра избрана од кандидатот. Програмата за работа за мандатниот период за кој се конкурира беше доставена во одделен коверт (Коверт 2), означен со истата шифра и со назнака „Програма“, без други податоци што овозможуваат идентификација на кандидатот.

По разледување на програмите за работа на кандидите кои се пријавиле на јавниот конкурс и по извршено гласање од страна на членовите на Програмскиот совет беше избран

МРТ
**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

кандидатот Џуљиан Шабани кој доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ.

Програмскиот совет утврди дека избраниот кандидат понудил квалитетна и сеопфатна програма за работа, заснована врз јасно дефинирани развојни приоритети и мерки за поддршка на оперативното управување и развојот на ЈРП МРТ. Програмата е усогласена со развојните приоритети на јавниот сервис и предвидува ефикасна координација со генералниот директор, Програмскиот совет и останатите органи на управување.

Во програмата се содржани приоритети за модернизација и развој на телевизиските и радио сервиси, дигитална трансформација и технолошки иновации, унапредување на сопствената продукција и интегрираниот крос-медиумски пристап, развој на меѓународната соработка и користење на европски програми и фондови, примена на современи дигитални технологии, унапредување на управувањето со архивските содржини и зачувување на културниот и јазичниот диверзитет, како и мерки за зајакнување на институционалната координација, организациската ефикасност и професионалните капацитети на вработените. При оценувањето, Програмскиот совет ги имаше предвид стручните квалификации на кандидатот, долгогодишното професионално искуство во областа на телевизиската и филмската продукција, режијата, монтажата, медиумските технологии, продукцискиот менаџмент, како и неговото искуство во областа на маркетингот и медиумските комуникации, како и неговите професионални, организациски и менаџерски компетенции. Имајќи ги предвид неговото професионално искуство, стручните квалификации и професионалните достигнувања, Програмскиот совет оцени дека кандидатот поседува соодветни стручни и професионални квалитети за успешно извршување на функцијата Заменик на директорот на МРТ.

При увидот беше констатирано дека доставената документација е навремена, комплетна и уредна, како и дека кандидатот ги исполнува сите пропишани услови за избор утврдени во член 130 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 61 од Статутот на ЈРП МРТ.

Имајќи предвид дека кандидатот доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет, Советот одлучи истиот да биде избран за Заменик на директорот на МРТ.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Џуљиан Шабани;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО;
- Архивата на МРТ.

Програмски совет на МРТ

Давор Пашоски
Претседател

Изготвил: Е. К. Стојановска